**Образложение кон неревидираниот консолидиран и посебен Биланс на успех за период 01.01-30.09.2023 година**

**Консолидиран финансиски резултат**

Консолидираната оперативна добивка на Групацијата Реплек за периодот од 1 јануари 2023 година до 30 септември 2023 година изнесува 139.060 илјади денари. Оперативните приходи изнесуваат 1.142.781 илјади денари и се зголемени за 26%, додека оперативните расходи изнесуваат 1.011 илјади денари и бележат зголемување од 19% во однос на истиот период претходната година.

Консолидираните приходи од продажба се зголемени 28% во однос на истиот период минатата година.

Приходите од продажба по деловни сегменти:

- Консолидирани приходи од продажба на сегмент фармација бележат раст за 44% во однос на минатата година

  ✓ Приходите од продажба на странски пазар се зголемени за 52% односно по региони како што следува:

| **илјади денари** | **30.09.2023** | **30.09.2022** | **промена %** |
|---|---|---|---|
| ЗНД | 501.044 | 260.956 | 92% |
| Југоисточна Европа | 161.150 | 129.519 | 24% |
| Африка и Близок Исток | 133.546 | 124.086 | 8% |
| ЕУ | 62.991 | 45.977 | 37% |
| Останати | 18.159 | 18.052 | 1% |
| **Вкупно** | **876.890** | **578.590** | **52%** |

  ✓ Приходите од продажба на домашен пазар на сегмент фармација се зголемени за 21% во однос на истиот период минатата година

- Приходите на продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги обавувани преку Реплек Маркет се намалени за 77% во однос на минатата година заради прекинување на угостителски услуги во мај 2022 година и дејноста трговија на разни стоки во јануари 2023 година.

Приходи од продажба по географски сегменти:

- Приходите од продажба на странски пазар со учество во вкупните приходи од продажба од 78% (2022: 66%) се зголемени за 52%
- Приходите од продажба на домашен пазар се намалени за 17% заради намалените приходи од продажба кај трговија на разни стоки и угостителски услуги обавувани преку Реплек Маркет.

Реализираниот промет во сегмент фармација е во рамките на планираното. Консолидираната добивка пред оданочување изнесува 129.508 илјади денари и бележи зголемување за 190% во однос на истиот период минатата година. Во консолидираните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2023 до 30.09.2023 година кредитното задолжување е намалено за 8.813

илјади денари, односно на 30 септември 2023 година изнесува 281.119 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 289.932 илјади денари).

**Неконсолидиран финансиски резултат**

Реплек АД Скопје (Веледрогерија) за периодот од 1 јануари 2023 година до 30 септември 2023 година оствари оперативна добивка во износ од 11.878 илјади денари што претставува зголемување во износ од 26.132 илјади денари во однос на истиот период минатата година заради зголемена продажба на производи од Реплек Фарм (Фабрика во Групација Реплек).

Реплек АД Скопје (Веледрогерија) во периодот од 1 јануари 2023 година до 30 септември 2023 година оствари неконсолидирана добивка пред оданочување во износ од 66.696 илјади денари и бележи зголемување 2% во однос на истиот период минатата година. Остварената добивка пред оданочување во најголем дел произлегува од евидентираните приходи од вложувања во поврзаните субјекти во износ од 60.467 илјади денари што претставува дел од остварениот резултат на поврзаните субјекти во 2022 година (претходната година е извршена распределба на дивиденди од поврзаните субјекти на износ од 80.315 илјади денари од остварениот резултат во 2021 година).

Во поединечните финансиски извештаи за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2023 година кредитното задолжување е намалено за 10.250 илјади денари, односно на 30 септември 2023 година изнесува 132.778 илјади денари (на 31 декември 2022 година изнесува 143.028 илјади денари).

Реплек АД Скопје согласно Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп Број 02-1979/1, донесена на Годишното собрание на акционери одржано на 27.04.2022 година, изврши откуп на 800 сопствени обични акции преку Македонска Берза во септември 2023 година со што вкупно поседува 2.111 сопствени обични акции, односно 8,14% од основната главнина на друштвото.

РЕПЛЕК АД Скопје